Република Македонија
**Министерство за внатрешни работи**

[redacted]

рег. бр. 12.1-84765/

Скопје 25 12 2013

До

АНАЛИТИКА

Ул. Даме Груев бр. 7-8/3

С к о п ј е

Министерство за
внатрешни работи

Ул. „Димче Мирчев“
бр 9, Скопје

Тел. (02) 3142 894
Факс: (02) 3142 126

www.mvr.gov.mk

ПРЕДМЕТ: Известување, доставува.-

Почитувани,

Постапувајќи по Вашиот акт доставен до Владата на Република Македонија со кој беа доставени предлози од Ваша страна за Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2014 година, Министерството за внатрешни работи како надлежен орган на државната управа од областа на безбедноста, Ве известува за следното:

1. Во однос на предлогот за донесување на посебен закон за вршење надзор над „безбедносно-разузнавачките служби“ Министерството за внатрешни работи цени дека не постои реална потреба од донесување на посебен закон за оваа материја, со оглед на тоа дека постојната правна рамка обезбедува ефикасна контрола врз работата на посочените служби.

Имено, во Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/09, 35/10, 36/11, 158/11 и 114/12), во глава V „Контрола на вршењето на работите на Министерството за внатрешни работи“ се уредени прашањата во врска со контролата и надзорот над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање, како орган во состав на Министерството.

Согласно член 37 од Законот за внатрешни работи, контролата над вршењето на работите на Министерството се остварува како внатрешна и надворешна контрола.

Внатрешната контрола, согласно член 38 став (1) од овој закон, ја остварува посебна организациска единица за потребите на Министерството (Сектор за внатрешна контрола и професионални стандарди), која спроведува постапки за оценка на законитоста на постапувањето на работник во Министерството.

Во ставот (2) од истиот член е утврдено дека заради заштита на своите права и кога смета дека со постапувањето на работник на Министерството се повредени неговите слободи и права, граѓанинот има право да поднесе претставка до Министерството, а согласно ставот (3) Министерството е должно да изврши проверка на наводите во претставката и во рок не подолг од 30 дена од приемот на истата, во писмена форма да го извести подносителот за утврдената состојба и преземените мерки.

Надворешната контрола над работата на Министерството ја вршат Собранието на Република Македонија и Народниот правобранител (член 39).

Во членот 40 од Законот е утврдено дека Собранието врши контрола, односно надзор над работата на Управата преку соодветна комисија (Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање).

Управата за безбедност и контраразузнавање, согласно член 41 став (1) од Законот за внатрешни работи, доставува програма и извештај за работа до наведената Комисија во определен рок, и има обврска два пати годишно да ја известува Комисијата за извршувањето на активностите утврдени во програмата.

[redacted]

Исто така, согласно член 42 од Законот за внатрешни работи на барање на Комисијата, Управата овозможува увид и дава потребни информации, податоци и известувања од делокругот на работа на Комисијата.

Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија" бр. 121/06, 110/08 и 116/12) во глава IV „Надзор и контрола" (од член 35 до член 39) содржи одредби со кои се уредува вршењето на надзор и контрола на законитоста на следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и другите овластени органи.

Согласно наведените законски одредби, контрола над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и другите овластени органи врши Собранието на Република Македонија, за што се основа посебна Комисија.

Во наведениот Закон исто така е утврдено дека контрола над спроведувањето на следењето на комуникации врши и надлежниот јавен обвинител, согласно со посебен закон и судијата на Врховниот суд кој ја издал наредбата за примена на посебната истражна мерка следење на комуникациите.

Парламентарниот надзор и контрола врз вршењето на работата на безбедносно-разузнавачките служби се остварува преку посебни собраниски Комисии од областа на безбедносниот сектор.

Во согласност со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, со одлука на Собранието формирани се Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, Комисија за одбрана и безбедност, Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана и Комисијата за финансирање и буџет.

Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање ги разгледува прашањата што се однесуваат на:

- почитување на правата и слободите на граѓаните, претпријатијата и други правни лица, утврдени со Уставот и законите, од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање;
- законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата, преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон;
- методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти;
- материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање, и
- други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање.

Надлежноста на Комисијата за одбрана и безбедност опфаќа разгледување на прашања кои се однесуваат на заштита на поредокот утврден со Уставот, остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста, одбрана на Републиката и цивилната заштита, соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кои Републиката пристапила, интеграцијата на Републиката во евроатлантските организации

и односите на Републиката со тие организации, заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот, производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови за оружје и муниција, обезбедување на личности и објекти, државјанство, одржување на јавниот ред и мир, јавните собири и јавните приредби.

Со цел елиминирање на можностите за злоупотреба во примената на посебните истражни мерки од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана во Собранието на Република Македонија формирана е Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникаците од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана.

Комисијата има надлежности за разгледување на прашања во врска со вршењето на надзорот над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и на Министерството за одбрана, законитоста во спроведување на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана од аспект на нивна усогласеност со Законот за следење на комуникациите и други прашања што се однесуваат на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана во врска со мерките за следењето на комуникациите.

Надзорот од страна на Комисијата за финансирање и буџет се остварува преку обезбедување на транспарентност во менаџментот со ресурсите, односно достапност на информациите за буџетот и негово извршување. Парламентарната контрола на буџетот во областа на безбедноста и одбраната е во функција на зголемување на транспарентното и одговорното функционирање на безбедносниот систем во целина.

Од значење е да се истакне и тоа што во постојното законодавство, во одделни закони се содржани одредби кои се однесуваат на вршење на контрола и надзор во безбедносниот сектор.

Имено, во член 17 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/01, 05/03, 58/06, 51/11 и 151/11) е утврдено дека покрај останатото, Собранието врши надзор над остварувањето на надлежностите на Владата во одбраната.

Во Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 104/09), во членовите 20, 21, 22 и 23 предвиден е посебен облик на парламентарен надзор – надзорни расправи кои се во функција на следење на примената на законите и активната претставничка улога на пратениците преку остварени контакти со граѓаните.

Освен законските одредби за парламентарна контрола и надзор над безбедносниот сектор, од важност се и темелните документи за одбраната и безбедноста.

Во Националната концепција за безбедност и одбрана е пропишано дека политиката на национална безбедност на Република Македонија се темели и треба да се води според одредени насоки, а една од нив е и постојана демократска и цивилна контрола и надзор врз институциите и службите чија дејност е безбедност и одбрана на државата.

Во Стратегијата за одбрана на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/10) е предвидено подобрување на местото и улогата на Собранието во областа на одбраната, кое покрај неговите уставни и законски надлежности, потребно е да се насочи кон поактивно учество во конципирањето на одбраната, а заради остварување на демократска контрола врз одбраната се предвидува подобрување на информирањето на јавноста за состојбите и тенденциите во истата.

Имајќи ги во предвид наведените законски одредби и делокругот на работа на Парламентарните комисии задолжени за надзор над работата на безбедносно-разузнавачките служби, Министерството за внатрешни работи смета дека постојната правна рамка обезбедува ефикасен систем за спроведување на внатрешна и надворешна контрола и надзор над работата на истите.

2. Во однос на предлогот за назначување на повеќе службеници за работа во областа на слободен пристап до јавни информации, укажуваме дека во Министерството за внатрешни работи е систематизирано посебно Одделение за информации од јавен карактер, кое во континуитет максимално ажурно одговара по пристигнатите барања согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/06, 86/08 и 6/10). Во тој прилог посочуваме дека минатата година до Министерството за внатрешни работи беа доставени 275 барања, при што на сите е доставен соодветен одговор. Со оглед на тоа, цениме дека не постои потреба од зголемување на буџетот на Министерството за внатрешни работи за оваа потреба, ниту пак е потребно да се алоцираат дополнителни човечки ресурси во наведеното Одделение.

3. Исто така, посочуваме дека во Министерството за внатрешни работи е систематизирано и функционира посебно Одделение за внатрешна ревизија кое е задолжено за вршење ревизија на процесите и постапките во рамките на Министерството. Во овој контекст, укажуваме дека Министерството за внатрешни работи перманентно вложува напори за јакнење на капацитетите на односната организациска единица, особено во поглед на усогласување со барањата кои произлегуваат од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/09).

4. Што се однесува до предлог буџетот, односно буџетот на Министерството за внатрешни работи сметаме дека истиот е транспарентен и истовремено достапен на јавноста. Имено, веднаш по изготвување на предлог буџетот на Министерството за внатрешни работи истиот се објавува на веб страницата на Собранието на Република Македонија, а по неговото усвојување се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страната на Министерството за финансии. Истовремено, укажуваме дека и при спроведување на постапка за ребаланс на буџетот, буџетот на Министерството за внатрешни работи се објавува на наведените веб страници.

Со почит,

МИНИСТЕР
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
*М-р Гордана Јанкулоска*

__Изработил__: З. Додевски
__Контролирал__: С.Петровиќ-Арсовска
__Одобрил__: В. Доревска